**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 18 април 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Маке-донија во сала 1 со почеток во 15,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и г-да пратеници,

Ја отворам Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Љупчо Анушев и Ангел Симов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

64 пратеници се присутни односно притиснале на системот.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на РМ г-дин Борис Трајковски; претседателот и членовите на Владата на РМ; претседателот на Републичкиот судски совет; претседателот на Основниот суд од Гостивар.

Записниците од 49-та, 57-та, 58-тс, 61-та, 64,та, и 67-та седница, ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците.(нема)

Констатирам дека записниците од 49-та, 57-та, 58-та, 61-та, 64-та и 67-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот на закон за акцизи Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Од 65 пратеници кои гласале, 46 гласале за, 6 воздржани и 11 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот на закон за девизно работење, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Од 61 пратеници кои гласале, 45 гласале за, 6 воздржани и 10 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Г-динот Мирчевски бара процедурално.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван г-дин претседател, почитувани пратеници.

Оваа седница која имаше за цел да оди по редослед , така како што беа предложени точките од дневниот ред, на наше бараше од пратеничката група на ВМРО-ВИСТИНСКА, првата точка беше интерпелација за работата на претседателот на Собранието на РМ.

Не е прв пат од страна на Владата да ни се предлагаат проекти кои треба да одат по итна постапка без да има никакво образложение.

Јас мислам , ако Владата цени дека има итност во предлагањето во овие проекти, ние немаме проблем и против да расправаме и да одлучуваме по однос на тие проекти, но не сме задоволни поради тоа што веќе стана пракса во Македонското Собрание да се прави преседан, клучни закони кои се значителни, да одат по итна постапка.

Ова Собрание почитувани колеги, има собраниски тела. Има постапка како се предлага закон, како поминува законот во прва фаза итн.

Мојата реакција е во смисла на тоа, пратеничката група на ВМРО-ВИСТИНСКА бара образложение зошто во овие моменти по итна постапка се оди со предлагањето на овие закони и бара Собранието по нив да се произнесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе има предлог по итна постапка да се утврди нешто во дневен ред и да се разгледува, ќе има и образложение.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот на закон за платен промет Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Од 65 пратеници кои гласале, 50 гласале за, 6 воздржани и 9 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот на закон за трансформација на Заводот за платен промет, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Од 68 пратеници кои гласале, 55 гласале за, 7 воздржани и 6 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот на закон за податоци со електронски облик и електронски потпис, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Од 66 пратеници кои гласале, 53 гласале за, 7 воздржани и 6 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот на закон за изменуваше и дополнување на Законот за хартии од вредност , со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Од 66 пратеници кои гласале, 51 гласале за, 9 воздржани и 6 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Насер Зибери, Абдула Алиу, Ризван Сулејмани, Сејфедин Харуни, Азис Положани, Абдулади Вејсели и Оломан Сулејмани, предлагаат дневниот ред по оваа седница да се дополни со Предлог на резолуција за осуда на појавите на употреба на сила од страна на припадниците на МВР и за унапредување на остварувањето на загарантираните основи , слободи и права на граѓаните на РМ.

Предлогот на Резолуцијата ви е доставен.

Предлогот го ставам на гласање.

Гласале 68 пратеници,

25 пратеници гласале за, 15 воздржани и 28 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување од функцијата секретар на Собранието на РМ , предлог на одлука за разрешување од функцијата заменици на секретарот на Собранието на РМ , предлог на одлука за разрешување од функцијата републички советници на Собранието на РМ и предлог на одлука за именување на генерален секретар на Собранието на РМ.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Процедурално бара збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дин претседателе и г-дин предлагач.

Би сакал да ми појасните дали се работи за една точка на дневен ред, или за повеќе точки на дневен ред, од ова што го предлагате.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Се работи поединечно за повеќе предлози.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Тогаш, согласно деловникот барам за секоја точка поединечно, нормално, да се изјаснува Собранието, а да не се изјаснуваме наеднаш за 7-8 точки наеднаш, што се на дневен ред, затоа што за нив поединечно и одлучуваме.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги,

На седницата на Комисијата за избори и именувања , за секоја точка е одлучувано поединечно и така тие се предложени да се стават на дневен ред. Но, заради поедноставување на постапката , може во пакет да се стават на дневен ред, а после при одлучувањето да одиме по секоја поединечно, ако се согласувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е замислата на предлагачот. За секоја поединечно се одлучува, кога се одлучува. Може исто така поединечно и да одлучува Собранието дали ќе ги стави на дневен ред.

Добро, тогаш одиме поединечно.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на

оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување од функцијата секретар на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Ве молам да гласаме.

71 пратеник гласале, 50 пратеници гласале за, 12 воздржани и 9 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување на заменици на секретарот на Собранието на РМ.

Предлогот ви е доставен.

Ве молам да гласаме

65 пратеници гласале, 48 пратеници гласале за, 4 воздржани и 13 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување од функцијата Републички советници на Собранието на РМ.

Предлогот ви е доставен.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласале, 50 пратеници гласале за, 14 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на генерален секретар на Собранието на РМ.

Предлогот ви е доставен.

Ве молам да гласаме.

70 пратеници гласале, 52 пратеници гласале за, 13 воздржани и 5 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ.

Предлогот на одлуката ви е доставен,

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласале, 50 пратеници гласале за, 14 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за сообраќај и врски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Извештај за работата на Советот за радио дифузија на РМ во време од 1 јули 1999 година до 30 јуни 2000 година.

Извештајот на Советот за радиодифузија ви е доставен.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 52 пратеници гласаа за, 14 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за загрозеноста на РМ од зрачењата, како резултат на Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на генерален секретар на Собранието на РМ.

Предлогот ви е доставен.

Ве молам да гласаме.

70 пратеници гласале, 52 пратеници гласале за, 13 воздржани и 5 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ.

Предлогот на одлуката ви е доставен,

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласале, 50 пратеници гласале за, 14 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за сообраќај и врски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Извештај за работата на Советот за радио дифузија на РМ во време од 1 јули 1999 година до 30 јуни 2000 година.

Извештајот на Советот за радиодифузија ви е доставен.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 52 пратеници гласаа за, 14 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за загрозеноста на РМ од зрачењата, како резултат употребата на бомби со осиромашен ураниум за време на Косовската криза. Информацијата ви е доставена.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласале, 44 пратеници гласаа за, 12 воздржани и 9 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација на Сојузот на Македонците со исламска религија.

Дописот на Сојузот на Македонците со исламска религија по кој Постојаната анкетна комисија расправала и за кој предлага Собранието да расправа на оваа седница, ви е доставен.

Предлогот на Постојаната анкетна комисија го ставам на гласање

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа, 51 пратеник гласаше за,, 11 воздржани и 5 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување , именување на заменици на Вишиот јавен обвинител во Скопје и Штип и Предлог на одлука за огласување и именување на заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Охрид, Велес, Кавадарци, Битола и Гевгелија.

Тоа се две одлуки. Значи и две точки. Ние така го усвоивме.

Предлог на одлука за огласуваше и именување на заменици на вишиот јавен обвинител во Скопје и Штип, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласале, 52 пратеници гласале за, 13 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение):

Предлогот на Комисијата за Предлогот на одлуката за огласување и именување на заменици и јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Охрид, Велес, Кавадарци, Битола и Гевгелија, да биде на дневен ред, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласале, од кои 47 гласале "за", 14 пратеници гласале "воздржано", 20 пратеници гласале "против".

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Предлогот на Комисијата, го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

64 пратеници гласале, од кои 49 гласале "за", 11 пратеници гласале "воздржано", четворица пратеници гласале "против". Констатирам дека предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е усвоен.

Го ставам предлогот на Комисијата во дневниот ред на оваа седница да се утврди и Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински Центар - Струга.

Ве молам, да гласаме.

64 пратеници гласале, од кои 50 гласале "за", 11 пратеници гласале "воздржано" и тројца пратеници гласале "против".

Констатирам дека предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот во оваа седница да се утврди во дневниот ред Предлог на одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за нефрологија Струга.

Ве молам, да гласаме.

64 пратеници гласале, од кои 49 гласале "за", 13 пратеници гласале "воздржано" и двајца пратеници гласале "против".

Констатирам дека предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во дневниот ред на оваа седница да се утврди предлогот на Одлуката за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид.

Ве молам, да гласаме.

70 пратеници гласале, од кои 49 пратеници гласале "за", осум пратеници гласале "воздржано", 13 пратеници гласале "против".

Констатирам дека предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во дневниот ред на оваа седница да се утврди предлогот на Одлуката за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Делчево.

Ве молам, да гласаме.

67 пратеници гласале, од кои 47 пратеници гласале "за", девет пратеници гласале "воздржано", 11 пратеници гласале "против".

Констатирам дека предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот, односно на царинскиот закон.

Предлогот ви е поделен.

Молам, претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Од причини што се извршија измени на Законот за данок на доход и Законот за Управата за јавни приходи и други даночни закони, присилната наплата е префрлена од Законот за персонален данок на доход во Законот за Управа за јавни приходи. Тоа треба да се усогласи и со други закони, како што е Царинскиот закон и ова е минимална измена со која што се врши регулирање на присилната наплата согласно новите законски прописи. Меѓу време се создава празен простор во кој што оваа наплата е ниту по едниот, ниту по другиот закон. Затоа, итно е, за да може да се врши присилната наплата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 50 пратеници гласале "за", девет пратеници гласале "воздржано", девет пратеници гласале "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за регистрирање на готованските плаќања.

Предлогот Ви е поделен.

Молам, претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Првичните согледувања беа дека овој закон треба да оди во две фази и законот беше доставен во Парламентот во ноември минатата година. Меѓутоа, заради низа причини од различен карактер законот до сега не беше ставен на дневен ред, а времето одминува. Според програмата на Владата се предвидуваше целата операција да започне од јуни. Ова е исклучително важно за полнењето на Буџетот, за буџетските приходи кои што треба да бидат зголемени за воведување на машините со фискален ум. Од тие причини цениме дека не треба да се отстапува од роковите и дека треба да се задржиме во роковите да се расправа сега за овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, 53 пратеници гласале "за", осум пратеници

гласале "воздржано", а 11 пратеници гласале "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Предлогот ви е поделен.

Молам, претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор господин Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овие измени на Законот се поврзани со централниот депозитар за хартија од вредност и одат заедно со реформата на платниот промет, така што заради временската димензија битно е овој закон да помине порано, за да го фати приклучокот планиран за воведување на централниот депозитар со целокупната реконструкција на Заводот за платен промет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 51 пратеници гласале "за", девет пратеници гласале "воздржано", осум пратеници гласале "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага да се одложи разгледувањето на предлогот на Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2001 година од причините наведени во дописот на Владата.

Предлогот ви е поделен.

Молам, предлагачот бара збор.

Господинот Кирил Настески, претставник на предлагачот.

Сега нема да гласаме додека не го ислушаме.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, Има известување од страна на Владата дека Програмата за одбележување на настани и личности на годишнините треба да се одложи, меѓутоа, тоа е известување од пред еден месец. Со оглед на тоа што сега сме веќе втора половина на април предлагам Програмата да ја усвоиме, доколку Владата во понатамошниот период има предлози за изменување и дополнување, тоа ќе го направиме на соодветен начин, каква што е тука постапката, бидејќи времето одминува, значајни датуми остануваат необележани, а еве слушаме за браќата Миладиновци, Бугарите се спремаат за големи прослави, а ние се уште Н9маме донесено Програма. Затоа, предлагам да ја усвоиме Програмата, а доколку Владата има изм9ни, на соодветен начин на некоја од наредните седници ќе ја измениме дополнуваме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претставник на Владата, дали ова образложение се прифаќа од Владата?

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Јас мислам дека би било прифатливо од причина што доколку има измени и дополнување, Владата ќе ги предложи на Парламентот да ги усвои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Значи, за ова нема изјаснување.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Предлогот ви е доставен.

Молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно дон9сување на овој закон.

Има збор господинот Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Вистина е дека при разговорите со Светската банка околу реформите во јавната администрација е договорен посебен аранжман, кој изнесува некаде околу 25 милиони долари. Меѓутоа, пуштање на овие средства е условено со измените и дополнувањата на Законот за државните службеници, па ова е причината за согласно Деловникот да одлучи Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 54 пратеници гласале "за", 14 пратеници гласале "воздржано", осум пратеници гласале "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за капитално финансирано пензиско осигурување Собранието да го разгледа на оваа седница.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 47 пратеници гласале "за", 16 пратеници гласале "воздржано", тројца пратеници гласале "против".

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе закон за изменување на Законот за ревизијата.

Предлогот Ви е поделен.

Молам, претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за финансии господин Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Измени на овој закон беа донесени уште во текот на средината на минатата година со кој што се регулираат датумите за времетраење на лиценците за ревизори од причина што Парламентот не беше во можност да ги разгледа во меѓувреме тие датуми истекоа и сега ова останува нерегулирано. За да нема период на вакуум ги продолжуваме роковите до моментот додека не дојде до кога ќе се задржат испитите на полагање кои што треба да ги организира само регулативно тело кое што треба да биде оформено во периодот што доаѓа. За да нема празен простор мораме да ги поместиме датумите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 48 пратеници гласале "за", девет пратеници гласале "воздржано", четири пратеници гласале "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Пратеникот Чедомир Краљевски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за прогласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

67 пратеници гласаа, од тоа 51 пратеници гласале "за", 11 пратеници гласале "воздржано", пет пратеници гласале "против".

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред. Прва точка, Интерпелација за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија г. Стојан Андов.

2. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

3. Предлог на закон за регистрирање на готовинските плаќања.

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

6. Предлог на закон за изменување на Законот за ревизија.

7. Предлог на закон за акцизи.

8. Предлог на закон за девизното работење.

9. Предлог на закон за платен промет.

10. Предлог на закон за трансформација на Заводот за платен промет.

11. Предлог на закон за податоци во електронски облик и електронски потпис.

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон.

13. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународната комерцијална банка на Република Кина по Договорот за кредит за реализација на инфраструктури проекти, со Предлог на закон.

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон.

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Закон за политичките партии, со Предлог на закон.

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.

17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна, со Предлог на закон.

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри во Босна и Херцеговина за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон.

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за примена на гаранциите во врска со Договорот за не ширење на нуклеарното оружје, со Предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Финска за одбегнување на двојното оданочување по однос на даноците од доход, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран за взаемно унапредување и заштита на инвестиции, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите, Трговскиот договор за земјоделски производи меѓу Република Македонија и Швајцарската конфедерација, Протоколот за земјоделство меѓу Република Македонија и Кралството Норвешка и Протоколот за земјоделство меѓу Република Македонија и Република Исланд, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;

26. Предлог за донесување на закон за капитално финансирано пензиско осигурување;

27. Барање за давање на автентично толкување на член 46 став 1 од Законот за локалната самоуправа, поднесен од Советот на општина Велес;

28. Предлог на резолуција за осуда на појавите на употреба на сила од страна на припадници на Министерството за внатрешни работи и за унапредување на остварувањето на загарантираните основни слободи и права на граѓаните на Република Македонија.(Оваа точка не е утврдена на дневен ред, бидејќи Собранието не го прифати).

Сега точката 29 станува 28.

28. Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2001 година.

29. Предлог на одлука за разрешуваше од функцијата секретар на Собранието на Република Македонија;

30. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменици на секретарот на Собранието на Република Македонија;

31. Предлог на одлука за разрешување од функцијата републички советници на Собранието на Република Македонија;

32. Предлог на одлука за именување на Генерален секретар на Собранието на Република Македонија;

33. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

34. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

35. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Струга;

36. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за нефрологија - Струга;

37. Предлог за покренување постапка за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија;

38. Предлог за покренување постапка за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Делчево;

39. Предлог за покренување постапка за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид;

40. Предлози за разрешување на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

41. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола;

42. Предлог за избор на судии поротници во основниот суд во Гостивар;

43. Предлог на одлука за огласување именување на заменици на Вишиот јавен обвинител во Скопје и Штип;

44. Предлог на одлука за огласување именување на јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Охрид, Велес, Кавадарци, Битола и Гевгелија;

45. Предлог на одлука за огласување и избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

46. Извештај за работата на Советот за радиодифузија на Република Македонија во време од 1 јуни 1999 до 30 јуни 2000 година;

47. Информација за загрозеноста на Република Македонија од зрачењата како резултат на употребата на бомби со осиромашен ураниум за време на косовската криза;

48. Информација на Сојузот на Македонците со исламска религија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Господинот Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани членови на Владата.

Пред да ги дадам моите предлози на оваа седница за дополнување на дневниот ред морам да направам една кратка процедурална интервенција во вид на протест кон Владата, бидејќи навистина е жално седница на Парламентот да не се одржи заради отсуство на претставници на Владата. Во држава во која Парламентот ја контролира извршната власт и ја контролира нејзината функција не може да се случи ваков преседан да не се одржи седница на Парламентот заради не присуство на претставници на Владата. Тоа е навистина преседан случка за жалење и сметам дека вакво нешто не смее да му се случи на Парламентот, бидејќи Парламентот ја избира оваа Влада, ја контролира и ја разрешува. Ако Парламентот дозволува вака да се однесува Владата и самиот се става во улога на учесник на едни вакви преседани кои немаат никаква врска со работата на парламентите во развиените демократии.

Тоа е една моја забелешка за вчерашната случка за неприсутно на ниеден претставник од Владата заради што не се одржа седница на Парламентот.

Во однос на дополнувањата на дневниот ред јас би имал една дополна, меѓутоа и една стара дополна на дневниот ред, би ја реактивирал старата дополна за која ми беше ветено од страна на Владата дека ќе биде ставена на првата наредна седница на 59-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 18 декември 2000 година. Тоа беше на 18 декември, значи пред четири месеци.

Би прочитал од стенограмот, претседаваше господинот Андов со таа седница. Јас барав, еве ќе прочитам, за денешната седница барам дополнување на дневниот ред со Информација за состојбите во здравството во Република Македонија, со посебен акцент на две состојби, а тоа е примената на Законот за здравствено осигурување, односно стапување на подзаконските акти во примената на Законот за здравствено осигурување, познатите состојби кои настанаа со увоз на нерегистрирани лекови, која е многу актуелна, а кои лекови се уште во аптеките во Република Македонија.

Во натамошниот дел барав и во склоп на точката да ми се одговори размислувањето околу набавката на акцелераторот, што можеби секундарно барав да се размислува и ја образложив итноста на точката.

На барањето на господинот Андов, читам од стенограмот, претставникот на Владата господинот Никола Груевски ми одговорил Информацијата би можела да биде за наредната седница, тоа е 59-та

седница на 18 декември, што е прифатено и од страна на предлагачот, односно од мене и од страна на Собранието.

Од таа случка се уште немаше ни еден подзаконски акт, после таа случка се случи донесување на подзаконскиот акт за партиципациите кои кренаа многу прашина во јавноста на Република Македонија и дојде до негово повлекување, се случија уште неколку настани во областа на здравството за да сето тоа се финализира на денот на здравството 7 април, кога и самиот министер за здравство изјави дека здравството во Македонија е еден вид жабокречина, со што го кажа своето мислење за состојбите во македонското здравство.

Не е ни чудо што е таква состојбата во македонското здравство и што наликува на жабокречина кога четири месеци не може да се одговори на едно пратеничко прашање или на една пратеничка иницијатива иако е ветена од Владата, само како дополнување да кажам дека ова не е моја прва интервенција да се постави оваа точка на дневен ред, повторна интервенција, бидејќи два пати на ист ваков начин имам реагирано на Комисијата за здравство пред претставниците на Министерството за здравство да ја добијам информацијата, да го добијам одговорот и со таа информација да одиме на дневен ред.

Во таа смисла барам денеска точката која требаше да биде многу порано на дневен ред и која за сега е една многу сериозна сфера од живеењето на граѓаните на Република Македонија да биде ставена како дополна на денешниот дневен ред, што беше обврска преземена и од Собранието и од Владата и од сите нас. Тоа е она што го кажав за старата точка која барам да се врати на дневен ред. Сега би ја дал вистинската дополна на дневниот ред, новата дополна и барам за денешната седница да се дополни дневниот ред со:

Информација за состојбата со присуство на паравоени и вооружени албански терористички формации на територијата на Република Македонија и што се презема за нивно сузбивање, како и состојбите со присуството и трговијата со нелегално оружје и мерките за негово собирање, како и спречување на трговијата со него.

Итноста и актуелноста на оваа состојба мислам дека не треба да ја објаснувам, верувам дека Владата е во кондиција во решавање на овој актуелен и можеби најактуелен проблем на Република Македонија и нема да и биде потребно многу за да состави една ваква информација и сметам една ваква информација може да се подготви до крајот на оваа седница која очигледно ќе трае повеќе денови, самата седница дозволува со просторот, повеќе се избори и именувања кои точки бргу ќе одат, така што ќе ни овозможи да зборуваме за еден ваков многу важен актуелен и горлив проблем за состојбите во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, околу информацијата за состојбата во здравството.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни затоа што пратеникот бара да се утврди сега на дневен ред.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Владата писмено ќе се изјасни околу бараната информација на некоја следна средба на Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали е задоволен предлагачот или останува на предлогот?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас навистина не можам да бидам задоволен од еден ваков неодговорен одговор на министерот, бидејќи ви почитва од стенограмот дека ми беше ветено од страна на Владата дека ќе биде ставена на наредната седница, а некоја наредна прилика е можеби идната година или по идната година, меѓутоа, состојбите во здравството се актуелни, итни и сериозни, а за такви ги сметам и ветувањата на Владата. Ако Владата дала ветување за следната седница и ако бега од такво ветување, тоа е друго прашање. Сметам дека треба да се постави на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на пратеникот Стојменов дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за состојбите во здравството, го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од присутни 90 пратеници, гласаа 71 од кои 31 за, 11 воздржани и 29 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Стојменов не е усвоен.

Молам, вториот предлог Информација за состојбата со присуство на паравоени формации и собирање на нелегално оружје, односно трговија со оружје, па го молам претставникот на Владата да се изјасни.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Мислам дека за тоа се потребни опсежни податоци и од таа причина

Владата писмено ќе се изјасни по повод барањето на пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Стојменов е задоволен од одговорот, дали прифаќате да добиете писмена информација?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине претседател јас воопшто не барав формата како ќе се изјаснуваме, јас барав дополнување на дневниот ред, а не начин на кој ќе се изјасни Владата. Формата за која ќе се одлучи Владата е работ на Владата, јас барав дополнување на дневниот ред со оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи останувате на предлогот да се утврди на дневен ред.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Сметам дека Владата не се изјасни по предлогот дали е за ставање на една ваква точка на дневен ред или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата се изјасни и јас сфатив дека не е за ставање на дневен ред сега, туку писмено ќе одговори во кои рокови може да ја направи Информацијата, така го разбрав министерот, така тој кажа.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

Во тој случај јас прифаќам до крајот на седницата да се дополни точката на дневен ред, а Владата до крајот на седницата писмено да се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашиот предлог го ставам на гласаше.

Молам, кој е за, дајте ве молам да гласаме.

Од присутни 82 пратеника 68 гласале од кои 29 за, 7 воздржани и 32 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално господинот Мирчески .

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине претседател пратеничката група на ВМРО-ВИСТИНСКА во однос на иницијативата за дополнување на дневниот ред по однос на втората точка која беше предложена од наша страна бара поддршка од 10 пратеници Собранието јавно да се произнесе по однос на нашата точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали има 10 пратеници?

Има 10 пратеници.

Ве молам спроведете гласање.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

1. Јонуз Абдулаи - против
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - против
5. Стојан Андов - отсутен
6. Кирил Андоновски - отсутен
7. Љупчо Анушев - отсутен
8. Амди Бајрам - отсутен
9. Демуш Бајрами - против
10. Фадил Бајрами - отсутен
11. Димитар Баткоски - против
12. Мерсел Биљали - против
13. Валентина Божиновска - воздржана
14. Јордан Бошков - за
15. Димитар Бузлевски - отсутен
16. Абдулади Вејсели - отсутен
17. Слободан Гарчески - против
18. Васил Гаџовски - отсутен
19. Михајло Георгиевски - воздржан
20. Трајко Гешоски - за
21. Александар Гештаковски - отсутен
22. Данило Глигороски - воздржан
23. Петар Гошев - отсутен
24. Слободан Даневски - за
25. Замир Дика - отсутен
26. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
27. Илија Ѓоргиев - отсутен
28. Фатмир Етеми - воздржан
29. Васил Ефтимов - воздржан
30. Насер Зибери - отсутен
31. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
32. Мирко Иванов - отсутен
33. Илија Илоски - отсутен
34. Делче Ицков - за
35. Никола Јованов - за
36. Весна Јовановска - воздржана
37. Марика Јорданова - воздржана
38. Назми Кадриу - против
39. Радомир Карангелески - отсутен
40. Жарко Караџоски - против
41. Митко Киров - воздржан
42. Лазар Китаноски - отсутен
43. Саво Климовски - отсутен
44. Стојан Ковачески - отсутен
45. Ѓорѓи Котевски - против
46. Чедомир Краљевски - воздржан
47. Илија Лазаров - воздржан
48. Горанчо Лазов - воздржан
49. Билал Љутфии - против
50. Васе Манчевn - воздржан
51. Наталија Марковиќ Димова - отсутна
52. Ѓулистана Марковска - отсутна
53. Диспина Марковска - против
54. Звонко Мирчески - отсутен
55. Драган Митевски - отсутен
56. Илинка Митрева - отсутна
57. Кирил Настески - отсутен
58. Рубенс Наумовски - за
59. Горан Невеновски - против
60. Латиф Пајкоски - за
61. Александар Пандов - за
62. Ванчо Панчев - воздржан
63. Илија Пемов - воздржан
64. Тито Петковски - отсутен
65. Чедо Петров - за
66. Томислав Петровски - за
67. Филип Петровски - за
68. Азис Положани - отсутен
69. Стојан Попов - отсутен
70. Љубомир Поповски - отсутен
71. Никола Поповски - отсутен
72. Илија Прангоски - за
73. Исмет Рамадани - отсутен
74. Љупче Ристески - против
75. Ненад Ристовски - отсутен
76. Нано Ружин - отсутен
77. Илјаз Сабриу - против
78. Аце Сајкоски - против
79. Аслан Селмани - против
80. Борче Сибиновски - против
81. Вангел Симев - отсутен
82. Ристо Спанаков - воздржан
83. Крале Спанчевски - воздржан
84. Ѓорги Спасов - отсутен
85. Милан Ставрев - за
86. Наќе Стојановски - отсутен
87. Томислав Стојановски - воздржан
88. Воислав Стојаноски - за
89. Благој Стојковски - отсутен
90. Златко Стојменов - отсутен
91. Владо Сугаревски - за
92. Оломан Сулејмани - отсутен

93. Ризван Сулејмани - отсутен
94. Мухамед Таири - отсутен
95. Александар Талевски - воздржан
96. Мевљан Тахири - отсутен
97. Митко Тилевски - против
98. Ѓорѓи Тодоров - отсутен
99. Ристо Тодоров - отсутен
100. Павле Тодоровски - за
101. Панде Томов - воздржан
102. Коце Трајаноски - воздржан
103. Горанчо Трајков - против
104. Танас Трајковски - отсутен
105. Александар Трпевски - воздржан
106. Борислав Трповски - отсутен
107. Слободан Ќосев - воздржан
108. Илија Филиповски - отсутен
109. Александар Флоровски - за
110. Илјаз Халими - против
111. Благој Ханџиски - отсутен
112. Сејфедин Харуни - отсутен
113. Кастриот Хаџиреџа - против
114. Бранко Црвенковски - отсутен
115. Миланчо Черкезов - отсутен
116. Ванчо Чифлиганец - отсутен
117. Арбен Џафери - отсутен
118. Хисни Шаќири - против
119. Шахиќ Алија - за
120. Радмила Шеќеринска - отсутна

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале вкупно 79 пратеници, 32 пратеници гласале за, 31 пратеник гласале против, 16 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека предлогот не е усвоен. Господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Г-дин претседател, почитувани колеги пратеници,

Јас во една прилика во месец декември, поставив барање до парламентот за расправа на парламентот по Информација за проблемите со пласманот со јаболка. Во таа прилика, Деловнички како процедура, беше повикана Владата преку нејзиниот претставник да даде свој коментар по тоа мое барање, и тогаш Владата се произнесе дека за таа седница не е во можност да изработи таква информација, но за наредната седница зеде обврска да изработи таква информација и да предложи Владата по таа информација се расправа на Собранието на Република Македонија. Помина месец дена после тоа мое барање, а се разбира таквата информација не беше доставена до Собранието, јас поново го покренав тоа прашање и поново во таа прилика од претставникот на Владата, г-динот Груевски беше преземена таква обврска за да на 26 март добијам од службите на Собранието на Република Македонија, допис и информација за мое лично информирање.

Почитувани пратеници, јас проблемот го поставив не за да Владата изработи информација со која што лично ќе го информира пратеникот, туку како што е и внесено во стенограмот, бара по таа информација да се расправа на парламент, со оглед на присутните проблеми кои што го пратеа пласманот на јаболкото и огромните штети кои што беа причинети кај индивидуалните производители, како резултат на несоодветна тековна политика на Владата која што требаше со својата ангажираност да ги надмине тие проблеми на глобален план, на ниво на држава, а со тоа да овозможи поинтензивен пласман на јаболкото, се разбира по подобри услови. Според тоа, со оглед на фактичката состојба и односот Влада-Парламент и пратеник во парламент, можам да констатирам дека на овој начин се врши крајно игнорирање на функцијата пратеник. Воопшто станува збор за игнорантен однос и на Владата спрема парламентот затоа што тоа што е побарано побарано е во една легитимна, легална процедура да се изработи и потоа да се расправа, на кој однос можеме да кажеме дека функцијата пратеник во целост е маргинализирана.

Со оглед на тоа што јас директно се наоѓам во една таква ситуација, а бидејќи осетам морална обврска спрема производителите на јаболка, од Република Македонија и посебно од мојата изборна единица и целиот регион кој е познат како регион во кој во основа како земјоделска култура се произведува јаболкото и во неможност поинаку да помогнам на индивидуалните производители, јас г-дин претседател Ве информирам дека заради напред кажаното, јас ја напуштам работата по Шеесет и деветтата седница на Парламентот на Република Македонија и нема да учествував во работата на Парламентот до завршувањето на Шеесет и деветтата седница.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Бузлевски.

Г-дин Замир Дика има предлози за дневниот ред.

**ЗАМИР ДИКА:**

Г-дин претседател, имам два предлога за дополнување на дневниот ред.

Се работи за две ратификации.

Бидејќи овој предмет чека неколку години, а земјанки предвид дека ќе имаме многу точки на дневен ред на оваа седница и сигурно оваа седница ќе продолжи неколку недели, јас предлагам овие два предлога за дополнување на дневниот ред , првата ќе биде - предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за соработка во областа на образованието и науката, со Предлог на закон, а другиот предлог е - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за соработка во областа на здравството и медицинските науки, со Предлог закон.

Комисиите уште не ги разгледале овие ратификации, а бидејќи, како што реков, ќе продолжи седницата односно оваа седница ќе трае подолго, сметам дека во наредните денови матичните комисии бе ги разгледаат овие предлози. Не се работи за некој обемен закон. Токму поради тоа јас имам една сугестија до сите пратеници да ме поддржат, да се утврди 18-та и 19-та точка од дневниот ред, кога ќе почне процесот на ратификации на спогодби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му давам збор на министерот за образование, г-динот Ненад Новковски.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Овие договори се подготвени пред некое време. Долго време се очекуваа и би било добро побрзо да бидат ставени на дневен ред и да бидат ратификувани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие се доставени до Собранието.

Така ли?

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Да, тие се доставени до Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И вие прифаќате на оваа седница да бидат утврдени во дневниот ред.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

Предлозите на г-динот Замир Дика ги ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

63 пратеници гласале. 31 пратеник гласале за, 8 гласале воздржано и 24 гласале против.

Констатирам дека предлозите на г-динот Замир Дика не се усвоени.

Г-динот Замир Дика бара интервенција.

**ЗАМИР ДИКА:**

Барам поддршка од десет пратеници за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има поддршка од 14 пратеници.

Овие предлози секако ќе бидат на идната седница, ако не на оваа, а Владата прифаќа да бидат утврдени на оваа седница.

Дали може да бидат ставени на идната седница, или инсистирате да бидат ставени на оваа седница.

Добро, г-динот Замир Дика инсистира да бидат ставени на оваа седница. Бара поединечно гласање, а како што реков има поддршка од 14 пратеници.

Одиме на поединечно гласање.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

1. Јонуз Абдулаи - против
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - против
5. Стојан Андов - отсутен
6. Кирил Андоновски - отсутен
7. Љупчо Анушев - отсутен
8. Амди Бајрам - отсутен
9. Демуш Бајрами - против
10. Фадил Бајрами - отсутен
11. Димитар Баткоски - против
12. Мерсел Биљали - против
13. Валентина Божиновска - воздржана
14. Јордан Бошков - за
15. Димитар Бузлевски - отсутен
16. Абдулади Вејсели - отсутен
17. Слободан Гарчески - против
18. Васил Гаџовски - отсутен
19. Михајло Георгиевски - воздржан
20. Трајко Гешоски - за
21. Александар Гештаковски - отсутен
22. Данило Глигороски - воздржан
23. Петар Гошев - отсутен

23. Слободан Даневски - за
24. Замир Дика - отсутен
25. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
26. Илија Ѓоргиев - отсутен
27. Фатмир Етеми - воздржан
28. Васил Ефтимов - воздржан
29. Насер Зибери - отсутен
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
31. Мирко Иванов - отсутен
32. Илија Илоски - отсутен
33. Делче Ицков - за
34. Никола Јованов - за
35. Весна Јовановска - воздржана
36. Марика Јорданова - воздржана
37. Назми Кадриу - против
38. Радомир Карангелески - отсутен
39. Жарко Караџоски - против
40. Митко Киров - воздржан
50. Лазар Китаноски - отсутен
51. Саво Климовски - отсутен
52. Стојан Ковачески - отсутен
53. Ѓорѓи Котевски - против
54. Чедомир Краљевски - воздржан
55. Илија Лазаров - воздржан
56. Горанчо Лазов - воздржан
57. Билал Љутфии - против
58. Васе Манчев - воздржан
59. Наталија Марковиќ Димова - отсутна
60. Ѓулистана Марковска - отсутна
61. Диспина Марковска - против
62. Звонко Мирчески - отсутен
63. Драган Митевски - отсутен
64. Илинка Митрева - отсутна
65. Кирил Настески - отсутен
66. Рубенс Наумовски - за
67. Горан Невеновски - против
68. Латиф Пајкоски - за
69. Александар Пандов - за
70. Ванчо Панчев - воздржан
71. Илија Пемов - воздржан
72. Тито Петковски - отсутен
73. Чедо Петров - за
74. Томислав Петровски - за
75. Филип Петровски - за
76. Азис Положани - отсутен
77. Стојан Попов - отсутен
78. Љубомир Поповски - отсутен
79. Никола Поповски - отсутен
80. Илија Прангоски - за

81. Исмет Рамадани - отсутен
82. Љупче Ристески - против
83. Ненад Ристовски - отсутен
84. Нано Ружин - отсутен
85. Илјаз Сабриу - против
86. Аце Сајкоски - против
87. Аслан Селмани - против
88. Борче Сибиновски - против
89.Вангел Симев - отсутен
90.Ристо Спанаков - воздржан
91.Крале Спанчевски - воздржан
92.Ѓорги Спасов - отсутен
93.Милан Ставрев - за
94.Наќе Стојановски - отсутен
95.Томислав Стојановски - воздржан
96.Воислав Стојаноски - за
97.Благој Стојковски - отсутен
98.Златко Стојменов - отсутен
99.Владо Сугаревски - за
100.Оломан Сулејмани - отсутен
101.Ризван Сулејмани - отсутен
102.Мухамед Таири - отсутен
103.Александар Талевски - воздржан
104.Мевљан Тахири - отсутен
105.Митко Тилевски - против
106.Ѓорѓи Тодоров - отсутен
107.Ристо Тодоров - отсутен
108.Павле Тодоровски - за
109. Панде Томов - воздржан
110.Коце Трајаноски - воздржан
111.Горанчо Трајков - против
112.Танас Трајковски - отсутен
113.Александар Трпевски - воздржан
114.Борислав Трповски - отсутен
115.Слободан Ќосев - воздржан
116.Илија Филиповски - отсутен
117.Александар Флоровски - за
118.Илјаз Халими - против
119.Благој Ханџиски - отсутен
120.Сејфедин Харуни - отсутен
121. Кастриот Хаџиреџа - против
122. Бранко Црвенковски - отсутен
123. Миланчо Черкезов - отсутен
124. Ванчо Чифлиганец - отсутен
125. Арбен Џафери - отсутен
126. Хисни Шаќири - против
127. Шахиќ Алија - за
128. Радмила Шеќеринска - отсутна

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 65 пртеници, 40 за, 6 гласале против, 19 гласале воздржано.

Констатирам дека предлозите на господинот Замир Дика се усвоени.

За збор се јави господин Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседател, почитувани членови на Владата на Република Македонија и колеги пратеници.

Пред да се произнесам конкретно за моето јавување за дополнување на дневниот ред на седницата на Собранието сакам да се обратам пред мојот електорат, избирачите од општина Радовиш и Конче дека од овој момент ќе ги застапувам поквалитетно, бидејќи сега сум без работа односно суспендиран од работното место во рудникот "Бучим" Морам да го известам и претседателот и колегите пратеници дека сум суспендиран, затоа што сум доаѓал на седници, а не сум влегувал во месец јануари и тоа големите менаџери кои повеќе тежат со злоба, отколку со килажа ми дадоа отказно решение. Затоа, сакам да се оддолжам на мојот електорат на бирачите и на целата македонска јавност ќе бидам еден поактивен член на Парламентот и мислам дека и власта и позицијата ќе сфатат дека човекот е најголема вредност.

Сакам да се обратам, господа, на позиција власт, луѓето се најголема вредност, но и меѓу луѓето има изрод, на народ на нација. Немојте да ставате луѓе кои го убиваат човекот, Македонецот, нацијата.

Би сакал да се обратам односно да бидам конкретен по дополнување на дневниот ред. Барам под итно, господине министер за финансии, Вие ветивте пред оваа говорница и сите одговорни субјекти ветија дека средствата од приватизацијата, конкретно од Телекомуникации, Владата на Република Македонија, ресорните министерства ќе изготват програма за каде ќе се насочат. Тоа е и обврска спрема основниот закон за приватизација за насочување на средствата. Вие ветивте дека ќе ја дадете програмата на разгледување пред ова Собрание и ќе биде предмет на расправа. Дали нашите забелешки и дополнувања од позицијата како пртеници ќе ги прифатите или не тоа е друго прашање. Но, требаше да биде на дневен ред пред Собранието на Република Македонија програма за насоченоста односно користење на средствата од приватизацијата, а конкретно од Телекомуникации. Затоа, предлагам да бидат како точка 36 или точка 37 ставена веднаш оваа програма, бидејќи оваа седница сигурни нема да заврши денес или утре, затоа што истата ја имате, да ја доставите до пратениците и ние да ја разгледаме на Собранието и ова Собрание на некој начин да ја верифицира со усвојување. Со тоа ќе добие програмата и вашите активности кои во најголем дел се добронамерни и ќе добијат поголем легитимитет пред македонската јавно и во наредниот Апериод.

Второ, барам дополнување на дневниот ред на Собранието на Република Македонија, актуелните стопански движења во Република Македонија за периодот од 2000 до 2001 година, посебно јануари и март, со посебни мерки и заклучоци што презема Владата на Република Македонија. Писмена информација по која ние можеме да се произнесе како пратеници во ова Собрание.

Трето, во една прилика барав, а сега барам и од ова место, ако треба и писмено ќе го напишам, информација за вкупната задолженост на Република Македонија со итно кредитите, извори на средствата користени, време на траење и стопански субјекти. Зошто ова го велам? Образложение. Затоа што зборуваме за милијарда, 300, 400 или 500 милиони долари задолженост на оваа република и секој ден донесуваме предлог закони за дополнителни оптоварувања и задолжувања на Република Македонија а, точната цифра и како ќе се враќаат веќе задолжените средства никој тоа не го прави или чекаме да помине една година, да помине мандат,а нашите генерации кои доаѓаат после нас до глава ќе ги задолжиме и не знам дали ќе се дојде до крајот. Затоа барам во писмена форма да се даде кои се тие долгорочни, кои се краткорочни и периодот економски политички како Влада во наредниот период како ќе се враќаат тие кредити.

Четврто, посебна писмена информација. Во една прилика зборував, господине министер за финансии, под кои услови се чуваат нашите девизни резерви и каде. Ние понекогаш добиваме на ниво на година, одамна не сме добиле информација од Народната банка на Македонија, но мислам дека треба конкретно да се каже под кои услови, бидејќи тоа е од доверлив таен карактер а ние како пратеници барем во најголем дел знаеме што треба да се чува и што не треба да се чува, се користат и каде се користат. Зошто тоа го велам? Затоа што имам чувство на одговорност дека ние

имаме по основ на одлевање, по основа на камата огромни средства.

Ако ни се чуваат нашите девизни резерви, претпоставувам, имам право да погрешам, со 3,4,5,6 или 7%, а нашите стопански субјекти користиме повисоки кредити, мислам дека нема право да се етикетираме експерти по оваа проблематика, по онаа проблематика, а пред очите ни се одлеваат нашите девизи, трудот на сите работни луѓе во Република Македонија. Тоа е намерата во писмена форма.

На крајот, имам уште две работи, сакам во писмена информација да се достави Информација за актуелните состојби во земјоделието. Тоа што го рече господинот Бузлевски со јаболката, утре ќе биде за бостанот, за патлиџаните, за пиперките, за оризот, за пченицата и за сите земјоделски производи. Токму затоа што е суша сакаме да се види актуелната состојба во земјоделството во писмена форма, би сакал со аргументи да излеземе на оваа говорница и да расправаме за тоа, благовремено да расправаме.

Шесто, барам од Владата на Република Македонија конкретна информација на планот за зголемување на вработувањето односно намалување на невработеноста и ангажираноста на стечајните работници. Мислам дека овие точки ќе му дадат нов и друг белег на Собранието и кон народот ќе бидеме поприлвлечни, бидејќи тоа е животот на граѓаните, каде што нема боја, да не кажам партиска или социјална, верска или национална припадност. Тоа се прашања што секој граѓанин на Република Македонија го тишти.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**: (продолжение)

За некои периферни прашања расправаме по ден два и недела во однос на овие прашања мислам дека треба да имаме трпение уште денеска да се стават на дневен ред овие прашања. Во спротивно мислам беспредметно е да седиме во пратеничките клупи, во фотелјите во Владата на Република Македонија и во институциите на државата.

Не знам како ќе бидам сфатен г-дин претседател, колеги пратеници, почитувани членови на Владата на Република Македонија, овие шест точки живот значат за секој граѓанин на Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Чифлиганец.

Овде има конкретни предлози за утврдуваше на дневниот ред. Тој предлага информации, што се однесува до решението со кое е дадено образложението за раскинување на работниот однос, јас ќе го замолам да дојде кај мене да го донесе и да ги видиме прописите да се обратам со писмо до тие што го прекршиле законот. Пратеникот не може да носи консеквенции за својата работа во Собранието на кој како му се допаѓа работата, тоа е друга работа, тој е слободен по своето убедување да работи овде. За тоа, не може да биде казнуван.

Првиот предлог беше Програма за трошење на средствата од приватизација на Телекомот.

Го молам г-динот министер да одговори. Г-дин министер, г-дин Чифлиганец предлага денеска да се утврди на оваа седница оваа точка.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Оваа програма Владата ја разгледуваше и има заземено став по ова, и не гледам причина зошто треба да дојде на парламентот. На парламентот ќе дојде тогаш, кога овие средства ќе треба да бидат внесени во Буџетот за трошење.

Наскоро веројатно за две три недели ќе се оди со ребаланс исклучиво за средствата кои треба да се инвестираат во јавни инвестиции во Република Македонија од средствата од приватизацијата на телешко и за сите проекти за кои ќе биде предложено во парламентот ќе има детално објаснување. Значи, во тој момент на тој начин Парламентот ќе има можност да одбере да се прифати или да не се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, за ова ќе расправаме кога ќе биде ребалансот, за три-четири недели. Тоа е објаснувањето од Владата.

Дали г-дин Чифлиганец го прифаќате ова објаснување?

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

За да не бидам погрешно сфатен би сакал по сите шест точки да се произнесе, па потоа ќе си земам право за учество по сите шест точки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не,не, немаме расправа за тоа, само дали прифаќате за да го дадам на изјаснување на Собранието. Мораме да се држиме до Деловникот.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Сакам да дадам свое видување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, ќе дадете кога ќе биде на дневен ред, а сега дали прифаќате образложението или барате да го ставам на изјаснување на Собранието. Прашањето е само тоа.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Сепак, доволно сум осознаен и свесен за состојбите во Република Македонија, политичката култура и човечката култура која ја поседувам не ми дозволува да кажам не прифаќам, еве сугестијата, мислењето на министерот, доколку е добронамерно, а верувам во тоа, ја прифаќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме на вториот предлог на г-динот Чифлиганец, Информација за тековните економски движења во Република Македонија во светлината на настаните од крајот на 2000 и првиот дел од 20001 година.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Таква информација би можеле да испратиме до г-динот Чифлиганец лично...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој бара да биде на дневен ред, да се покрене расправа, така е предлогот.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Мислам дека за оваа седница би било премногу брзо, не можам да одговорам во името на другите министерства, бидејќи оваа информација треба да биде подготвена од повеќе министерства, министерот за економија и други и мислам дека не е најпаметно да се брза и да се стави на оваа седница и да се расправа со суров материјал.

Мојот предлог е, ако се инсистира на ваква расправа, да биде на една од наредните седници на расправа инаку за толку кратко време да се дојде со таков материјал е навистина неможно, особено што тој материјал не само што треба да го подготват министрите, туку треба да го одобри Владата, да расправа по него, па потоа да дојде на Парламентот Тоа е прилично обемна работа.

Инаку, што се однесува до податоците тие можат да се најдат во Заводот за статистика во секое време, колку е вработеноста, колку е бруто домашниот производ, или некои други податоци, тие се достапни, транспарентни, и се јавно објавени. Значи, не се тајни, па да ги донесеме во парламентот да покажеме што има ново. Се што е објавено јавно, е јавно, нема потреба да го прикажуваме на Парламентот. Но, велам, ако се инсистира на ваква информација ќе треба малку повеќе време да ни се даде на повеќе ресори да подготвиме една сериозна информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, за оваа седница не можете да прифатите обврска да дадете информација која може да биде утврдена на дневниот ред, а можат понатаму на една од наредните седници.

Дали е задоволен г-динот Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Мислам дека министерот за финансии г-динот Груевски ја сфаќа одговорноста повеќе од сопственото ресорно министерство за кое има надлежна одговорност, иако тоа е прашање кое завлегува во сферата на финансиите во ресорното министерство, но, тоа е претежно прашање до Министерството за економија.

Господа, сакам да кажам, овие прашања се тековни, секојдневни секој часови, тоа не се нови прашања да бараме студија да се изработи, мислам дека адекватното Министерство за економија оваа проблематика ја следи секој ден и ја има. Ако јас барам во втората половина од 2000 година и првиот квартал од 2001 година, и ако треба време со денови мислам дека тие кабинети со советници, со стручни луѓе можат да ја изготват и на прва наредна седница да биде доставена.

Што се однесува до прашањето дали јас инсистирам, јас лично приватно не инсистирам, тоа не е мое индивидуално прашање ниту потреба, туку тоа е проблем на Владата, на луѓето, на институциите на државата, кои секојдневно ги чувствува секој граѓанин. Барам писмена информација да биде предмет на расправа пред Собранието кога ќе биде на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, не за оваа седница.

Прифаќате оти не можеме , оваа седница.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Денеска не, но да се стави на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, договорено.

Но, не може на дневен ред, министерот рече дека не може на оваа седница, значи вие не се разбравте.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

На првата наредна седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие велите на првата наредна седница, г-дин министер.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Не можам да дадам ветување во име на други министри дека ќе бидат во можност за првата наредна седница. Како што и самиот г-дин Чифлиганец кажа поголемиот дел од работата е во Министерството за економија министерот не е тука, и не можам во негово име да го задолжам односно да дадам ветување дека тој е обврзан тоа да го направи во некој рок. Тогаш на една од наредните седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашата формулација е на една од наредните седници.

Дали може да го прифатиме тоа.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Може.

Мислам дека кога се поставува на дневен ред, јас ја респектирам волјата на министерот за финансии, но, министерот за економија треба да седи овде, а не само да се секира за квотите на увоз и извоз. Го молам министерот за економија да седи овде и да објасни. Ве молам, кога расправаме за тековното производство ако некој профитира повеќе милиони марки, а ги насочиме во стопанството, ќе има двојни и тројни ефекти и затоа, го молам министерот за економија да седи овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Трето, информација за задолженоста ка Република Македонија со странски кредити.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Информацијата за задолженоста на Република Македонија со странски кредити е исто така, јавно објавен податок кој, меѓу другото, го има во Билтенот на Министерството за финансии, на ВЕБ-сајдот на Министерството за финансии, во статистика, во Централната банка. Повторувам, тоа е јавно објавена информација. Доколку се бараат неколку детали околу тоа би можеле исто така да изготвиме таква детална информација за пратеникот и да му ја испратиме на негова адреса. Значи, информацијата се наоѓа во билтените на министерството за финансии, Народната банка, ВЕБ-сајдот на Министерството за финансии, во статистика и можеби на други места што во овој момент не можам да се сетам.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Го прифаќам мислењето на министерот со тоа што во писмена форма ќе се обратам конкретно што ме интересира во врска со задолженоста и девизните резерви.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, четвртиот предлог Информација за условите под кои се чуваат девизните резерви на државата. Г-дин министер, повелете.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Согласно законот на Народна банка на РМ, со девизните резерви управува НБ на РМ, и тоа е во нејзина директна надлежност. НБ на РМ, согласно законот е независна институција и според ова Владата не може да дава вакви информации во име на Народната Банка.

Предлагам, доколку Парламентот инсистира на вакво нешто, писмено да побара од Централната банка да го информира за точката која се бара. Инаку, Владата не може во име на Народна банка да дава ваков извештај.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас инсистирам како пратеник оваа информација да ја добијам, доколку вие немате некои сознанија дека ќе се злоупотребат податоците, токму на основа на тие податоци, кога ќе ги знаеме, ќе можеме да ја лоцираме, насочиме, наредната економска политика во Република Македонија, а јас како пратеник сакам да знам под какви услови користиме кредити, како Република Македонија и под какви услови нашите девизни средства ги користи некој друг надвор.

Имено, може да се случи оној што ни дава кредит да ги користи нашите средства и на годишно ниво да профитира повеќе милиони м. арки или

долари. Јас не би сакал тоа да биде, но доколку е присутно сакам со еден критички, самокритички осврт тоа да го кажам на оваа говорница.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас уште еднаш сакам да потенцирам дека апсолутно го разбирам пратеникот, но барањето треба да се упати на друга адреса. Адресата е Народна Банка на Република Македонија. Таа е одговорна пред Собранието затоа што и гувернерот по предлог на претседателот го избира Собранието. И Владата кога сака да дознае

нешто од таков тип бара информација од Народна банка, па на затворена седница Народната банка понекогаш и гувернерот доаѓа да извести. Не може Владата во име на Народна банка да ги презентира овие информации, особено што некои се менуваат на дневна база. Последната информација што ја имаме е од поодамна може е од пред неколку месеци, затоа ако сакате таква точна, адаптирана со најнови податоци информација, треба да се обратите како парламент, како пратеник, до Народна банка на Македонија и гувернерот и тие да го објаснат тоа пред Парламентот. На друга адреса е прашањето.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Во ред, се прифаќа.

Кога не може Владата да ни достави информација, ќе бараме директно како пратеници од Советот на Народната Банка на Македонија и нејзиниот гувернер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, обратете се таму.

Петтиот предлог беше Информација за состојбите во земјоделието.

Дали Владата прифаќа да изготви таква информација за оваа седница повелете министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Бидејќи само јас сум претставник на Владата денеска, од економските министри, јас во име на министерот за земјоделие не можам да прифатам таква обврска за оваа седница тоа да биде подготвено, можам да кажам дека би можело за една од наредните седници, а Парламентот нека одлучи.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Ако не можеше министерот Горчев да биде присутен можеше неговиот заменик, помошник или некој стручен човек од таму, ја прифаќам сугестијата на министерот за финансии, да му се достави на министерот за земјоделие по писмена информација да ни се достави актуелната состојба во земјоделието од сите аспекти што било, што е, што го очекува сиромашниот земјоделец во Република Македонија во наредниот период и што ние како парламент и Влада ќе придонесеме за ублажување на состојбите во земјоделието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, одиме понатаму, шестиот предлог беше Информација за состојбите со невработеноста. Повелете г-дин Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Исто така, оваа информација е јавно објавена, точно се знае процентот за вработеноста, невработеноста, а во статистика се сите податоци, во Билтенот на Министерството за финансии, веројатно и во Билтенот на Централната банка, тоа е објавен податок, тоа не е нешто што сега треба да го известиме парламентот за тоа, ние постојано сме го дискутирале тука при носеше на буџет, при носење на макроекономска политика, при разноразни прилики се спомнува како се движи вработеноста, како била 1997/98/99/2000, 2001, какви се очекувањата. Исто така, и во програмата што беше презентирана од Владата, во говорот на премиерот тоа беше спонтано, тоа е податок, за кој не гледам дека треба да се стави точка на дневен ред. Јас сугерирам мое мислење дека нема потреба од посебна точка. Можеме како информација да ја испратиме до пратеникот да има поблиски информации,доколку досега не дошол до нив околу состојбите.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Веројатно погрешно сум сфатен, министерот не сфатил дека јас барам статистички податок колку се вработени, колку се невработени и колку има стечајни работници во Република Македонија. Јас барам, поаѓајќи од тоа, дека оваа година најверојатно 100% се што постоеше државно и општествено ќе се приватизира, имаше голем прилив на средства, доста помош од надвор, грандови, кредити итн., сакав една анализа што значи тоа на планот на зголемување на вработеноста односно намалување на невработеноста на млади стручни кадри, стечајните работници, нивното ангажирање. Мислам дека во сите наши политички, партиски програми, на Владата на Република Македонија се заколнавме пред овој народ дека невработеноста од 320 илјади ќе ја симнеме на 220 илјади односно не се заколнав ме од 320 илјади денеска бројката на невработени е приближно 400 илјади.

Мислам дека г-дин министер повеќе е тоа во сферата на Министерството за труд и социјала, ние како Парламент и како Влада на Република Македонија, должни сме секојдневно на овој проблем со експозето на премиерот, со експозето на министерот дали е Министерство за труд и социјала,не завршува, јас барам конкретна програма во сите сектори државен, приватен, во сите сфери на живеење што поголем број на луѓе да се вработат како би се намалила невработеноста. Од тој аспект јас гледав, имав и конкретни предлози како да се насочат средствата и затоа мислам дека треба да добиеме една таква програма и секој ден таа програма да ја иновираме со

нови податоци, со нови знаења, со нови умешности на секој граѓанин да му се овозможи вработување во Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, предлогот е нешто друго, предлогот е да доставите програма за вработуваше. Така?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во ред, не програма за вработување, туку предлог мерки што Владата планира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Програма на предлог мерки и активности за вработување.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Како такво би можело да биде изготвено информација за една од наредните седници.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Задоволен сум од одговорот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така се договоривме со г-динот Чифлиганец.

Господинот Сејфедин Харуни има предлози околу дневниот ред.

(Нема)

Г-динот Азиз Положани има предлози за измена и дополнување на дневниот ред.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дин претседател, претставници на Владата, министри, дами и господа пратеници јас ќе предложам за оваа седница да се дополни дневниот ред со тоа, прифаќам тоа да биде и последна точка, нека биде и усна информација, нека биде и друг ден, но да биде на оваа седница. Се работи за следното.

Имено, јас излегов на говорница уште еднаш да ја покажам загриженоста на граѓаните на дел од Струга за еден потег на Владата со кој вели дека даде Велигденски подарок на МПЦ, се работи за хотел "Бисер",што мислам дека е направено незаконски.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:** (продолжение)

Од друга страна, мораме да прифатиме дека сепак тоа претставува загриженост и за населението таму, поради тоа што тие мислат, а и јас мислам дека, поради тоа што и досега сум поддржувал и пак ќе поддржам законски решенија со кои оваа Влада ќе им ги врати имотите и на граѓаните и на верските заедници, кои им биле одземани со неправда во изминатите години. Но овој велигденски подарок мислам дека излегува од тој контекст затоа што ако веќе Владата има што да подари во оваа, така да кажам, за народот сиромаштија, тогаш тоа нека го прави за сите граѓани. Ако го прави за верските заедници, нека го прави за сите верски заедници, а ако не го прави, можеби е подобро да не подарува такви јавни објекти на овие установи, туку ако има средства Електростопанство на Македонија, нека ја намали малку цената на киловат час електрична енергија, па можеби ќе биде поприфатливо за сите граѓани во овој момент на сиромаштија.

Затоа, барам од Владата да достави информација, може и усмена, со која ќе покаже врз која законска основа е направен овој подарок или врз кои критериуми е направено истото. Ако нема законска основа, Владата можеби има некои посебни критериуми кои Собранието не ги знае, а би требало да ги знае. Јас сакам да ги знам тие критериуми. Што и е натамошната работа на Владата, затоа што ако се мисли дека ќе биде центар за средното училиште за богословија, јас ги ценам овие активности ако се прават во разумни потези кои ќе бидат израз на едно чувство на една реална политика врз некои состојби, јас ќе го прифатам. Но таквиот гест и сега мислам дека не е добро пречекан од страна на граѓаните кои се на ова место, поради тоа што со давањето на оваа јавна установа на црквата Владата треба да знае дека дава и дел од имотот на селото. Има имотно-правно проблеми со самото село, затоа што дел од местото каде што е изграден овој хотел било во сопственост на селото, каде селаните го употребувале за користење на плажата. Сега тие долго време се во спор и со самиот хотел и со Електростопанство, поради тоа што се на брегот на Охридското Езеро, па немаат можност никаде ни еден метар навистина да го користат Охридското Езеро. Тоа значи како во народната поговорка да бидеш покрај вода, а да не ти дадат вода да пиеш. Јас мислам дека таа работа Владата треба прво да ја разјасни со самото село, Месната заедница на Калиште, па дури потоа да презема активности кои се од таков карактер. А за да се отвори таму средно богословско училиште, принципиелно немам ништо против да се отворат такви училишта и од христијанска и од исламска вероисповед, но сепак не сметам дека таквото решение во такви околности и на такво место не е

најпаметно решение. Во информацијата сакам да се дополни која е целта и натамошната работа во овој правец. Значи, во третирањето на Владата на Република Македонија верските заедници кога се во прашање такви активности кои јас мислам дека не би требало така да бидат и нема законска основа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега имаме еден нов застој, мораме да видиме дали е отиден господинот Груевски, министер за финансии.

Можеби г. Новковски како министер за образование може да го изложи ставот на Владата, дали Владата е подготвена да изготви ваква информација.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Не би знаел, не сум во тек со овие работи околу дозволувањето на земјиштето.

Инаку, што се однесува до третманот на верските заедници, морам да кажам дека Владата има еднаков третман. Пред некое време покренавме за средните училишта и одредени иницијативи. Ако се инсистира може да се даде информација, меѓутоа, не сум упатен во тоа толку. Се работи за имотни прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За оваа седница, бидејќи имаме и пратенички прашања, тогаш да видиме некој компетентен од оваа област од Владата да му одговори на господинот Положани.

Господине Положани, сега слушнавте г. Новковски мисли дека тој не може да каже дали за оваа седница е можно да се изготви информација.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседател, јас можам да прифатам и такво решение, но не во духот на тоа што го кажа министерот. Јас мислам дека е во право кога вели дека не може да го претстави мислењето на Владата во целина, но сепак е министер на таа Влада и кога вели дека двете верски заедници се рамноправни, во тоа е и суштината на барањето на информација. Со ова конкретно се покажа дека верските заедници воопшто не се рамноправни, дека едни имаат велигденски подароци, на другите им се рушат џамии и им се зема правото, им се зема имотот. Тука е суштината. Одговорот нека биде и на третата наредна седница, нека не биде на втората, но не во овој дух, ве молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не ги измешаме сите работи. Прашањето е покренато како информација за подарокот Хотел "Бисер" на МПЦ. Така го формулира господинот Положани. Да не биде сега прашањето на вкупните односи меѓу верските заедници, бидејќи тоа е регулирано со друг закон. Да не навлегуваме во такви работи. Тоа не беше идејата.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Да, значи, врз каква база конкретно Хотел "Бисер" во Калиште е даден на МПЦ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Рековте информација за тоа како велигденски подарок како е даден Хотелот "Бисер" на МПЦ. Но министерот за образование Новковски рече дека тој не може да прифати обврска на оваа седница тоа да биде внесено во дневниот ред, а одговор ќе добиете.

Дали може така. (Да).

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:**

Господине претседател, бидејќи моите барања ќе бидат кратки, ќе ми дозволите да ги поставам од местото каде што се наоѓам.

Почитуваниот пратеник Чифлиганец постави едно барање да се достави информација, а тоа значи многу широка информација за состојбите во земјоделството и веројатно за тоа ќе треба многу подолго време и многу подлабоки анализи. Моето барање ќе биде да се достави информација во врска со големите штети што настанаа во земјоделството како резултат на долгата суша и како резултат на падот на температурите во текот на месец април. И не само информација туку и предлози како да се олесни состојбата кај земјоделските производители и граѓани како што е ослободување од даноци, бесплатни семенски материјали, ѓубрива и други мерки кои можат да ги ублажат и надоместат тие штети. Тоа е една информација за која молам на оваа седница, бидејќи ќе трае повеќе денови да се постави.

И втората информација која произлегува од познатите безбедносни состојби во државата, бидејќи ние имавме една инвазија од терористи во Македонија, при што покрај губењето животи направени се и големи материјални штети како на одделни граѓани, така исто и на фирми и на поединци, при што во голема мера беше затворена границата кон некои соседи, а исто така има разрушени објекти и други штети материјални кои настапија како резултат на овие состојби.

Во врска со тоа молам, бидејќи Владата веројатно веќе работела, да се достави една информација колкави се тие штети, како ќе се обесштетат граѓаните и фирмите, на кој начин, од кои извори и во кој правец Владата размислува сето тоа да го направи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во врска со првата информација што ја бара, фактички предлагам на дневен ред на оваа седница да се стави информација за големите штети што настанаа во земјоделството поради големата суша и ниските температури во април и мерки за тоа.

Има збор министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Мислам дека би било подобро на една од наредните седници да биде тоа, бидејќи за оваа информација треба време, не можам да предвидам колку ќе трае оваа седница и не можам да преземам обврска во името на министерот за земјоделство дека токму на оваа седница тој мора да ја подготви оваа информација, но на првата наредна или на една од наредните седници мислам дека ќе може да се подготви.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Иванов, може ли така да се договори.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:**

На првата наредна седница, се согласувам.

Нека влезе тоа во записник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме на вториот предлог, исто така да се стави на дневен ред на оваа седница информација за материјалните штети што граѓаните и фирмите ги претпријатие поради грижата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Да не се повторувам, истото што го кажав за претходната точка, мојот одговор е и за оваа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може ли така г. Иванов?

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:**

Ако досега Владата нема направено такви преоценки, се согласувам да биде на наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, во врска со тоа се договоривме.

За изменување и дополнување на дневниот ред се јави и господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, јас би молел доколку може на дневен ред да се стави информација за фаза од реализација на проектот "Хидро-систем - Злетовци", до каде е дојдено со реализацијата на овој проект, кој е од витално значење за поширокиот регион од Источна Македонија. Тука влегуваат неколку општини и тоа општината Пробиштип, Кратово, Штип, Карбинци, Свети Николе и Виница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Петров предлага во дневниот ред на оваа седница да се внесе нова точка, информација за фазата во која се наоѓа реализацијата на "Хидро- системот - Злетовци".

Има збор министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

За ова можам да преземам обврска на првата наредна седница да доставиме информација, затоа што добар дел од информацијата и Министерството за финансии изготвува. Ги имаме податоците бидејќи секторот за меѓународни финансии при Министерството за финансии ги води сите меѓународни проекти, без разлика што не ги имплементира, на пример Министерството за транспорт и врски ги имплементира, но ги води, така што можам да преземам обврска за првата наредна седница да ја доставам оваа информација.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Се согласувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави во врска со дневниот ред господинот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, бидејќи Парламентот подолго време не заседава, како пратеник јас доаѓам од градот Штип и сакам да кажам дека таму е актуелен еден голем економски проблем. Тоа е Памучната индустрија "Македонка - Штип". Сведоци сме дека во повеќе наврати е блокиран регионалниот пат Штип - Велес. Вработените таму подолго време се во една безизлезна економска состојба и би барал од Владата информација во пишана форма

што поскоро што планира за санирање на состојбите во Памучната индустрија "Македонка".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме барање предлог од господинот Черкезов на дневниот ред на оваа седница да се стави информација за тоа што превзема Владата за разрешување на состојбите во Македонка.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Доколку г. Черкезов прифати, би било добро ова да биде дел од пратеничките прашања и министерот за економија директно да одговори во самиот Парламент, особено што сега еве со ова му е најавено дека ќе биде прашан за ова. Тоа би било многу побрзо отколку да се става специјална точка, за која јас не можам да преземам во името на министерот за економија обврска да се стави на дневен ред на оваа седница. Може за една од наредните седници или што е уште подобро, да биде поставено како пратеничко прашање и министерот да одговори веднаш на лице место тука. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:

Почитуван министер, градот Штип навистина економски е потресен од проблемите со Македонка и ценам дека навистина заслужува оваа точка да се најде на дневен ред. Бидејќи досега во многу наврати на вработените усно им се ветуваше, јас како пратеник од тој град барам писмена информација да биде поставена на дневен ред на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи не го прифаќа вашиот предлог, предлогот на господинот Черкезов, информација за тоа што презема Владата за разрешување на прашањето Македонка, да се стави на дневен ред на оваа седница го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

(По гласањето).

Гласале само 54 пратеници. Изгледа немаме доволно пратеници во салата и ова гласање не важи.

Молам, пратениците нека влезат во салата.

(Во салата влегуваат повеќе пратеници).

Ги молам пратениците да притиснат едно од копчињата од системот за гласање за да видиме колку пратеници се присутни во салата.

Сега имаме 72 пратеници во салата.

Продолжуваме со работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ставам на гласање предлогот даден од господинот Миланчо Черкезов, кој бара на оваа седница, за која го утврдуваме дневниот ред, да биде утврдена во дневниот ред Информација за тоа што превзема Владата за разрешување на претставникот на "Македонка".

Ве молам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 36 пратеници гласале за, 12 гласале воздржано, а 23 гласале против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали има некој друг за дискусија?

За збор се јави г. пратеник Никола Јовановски.

**НИКОЛА ЈОВАНОВСКИ:**

Бидејќи навистина станува збор за несериозен пристап на одредени пратеници, барам поддршка од 10 пратеници, за да гласаме за јавно изјаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има поддршка од 10 пратеници.

Според тоа продолжете со поединечно гласање.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

1. Јонуз Абдулаи - за
2. Абдурахман Алити - не е тука
3. Абдула Алиу - не е тука
4. Милојко Ангеловски - за
5. Стојан Андов - воздржан
6. Кирил Андоновски - воздржан
7. Љупчо Анушев - не е тука
8. Амди Бајрам - не е тука
9. Демуш Бајрами - не е тука
10. Фадил Бајрами - не е тука
11. Димитар Баткоски - за
12. Мерсел Биљали - не е тука
13. Валентина Божиновска - не е тука
14. Јордан Бошков - не е тука
15. Димитар Бузлевски - не е тука
16. Абдуладi Вејсели - не е тука
17. Слободан Гарчески - не е тука
18. Васил Гаџовски - не е тука
19. Михајло Георгиевски - воздржан
20. Трајко Гешоски - за
21. Александар Гештаковски - за
22. Данило Глигороски - против
23. Петар Гошев - за

24. Слободан Даневски - за
25. Замир Дика - не е тука
26. Ванчо Ѓоргиев - не е тука
27. Илија Ѓорѓиев - не е тука
28. Фатмир Етеми - не е тука
29. Васил Ефтимов - за
30. Насер Зибери - не е тука
31. Љубисав Иванов - Ѕинго - за
32. Мирко Иванов - за
33. Илија Илоски - за
34. Делче Ицков - не е тука
35. Никола Јованов - за
36. Весна Јовановска - воздржана
37. Марика Јорданова - за
38. Назми Кадриу - против
39. Радомир Карангелески - за
40. Жарко Караџоски - воздржан
41. Митко Киров - за
42. Лазар Китаноски - не е тука
43. Саво Климовски - за
44. Стојан Ковачески - за
45. Ѓорѓи Котевски - за
46. Чедомир Краљевски - против
47. Илија Лазаров - не е тука
48. Горанчо Лазов - за
49. Билал Љутфии - не е тука
50. Васе Манчев - не е тука
51. Наталија Марковиќ Димова - не е тука
52. Ѓулистана Марковска - не е тука
53. Диспина Марковска - против
54. Звонко Мирчески - за
55. Драган Митевски - за
56. Илинка Митрева - не е тука
57. Кирил Настески - за
58. Рубенс Наумовски - не е тука
59. Горан Невеновски - не е тука
60. Латиф Пајкоски - за
61. Александар Пандов - не е тука
62. Ванчо Панчев - воздржан
63. Илија Пемов - за
64. Тито Петковски - за
65. Чедо Петров - за
66. Томислав Петровски - не е тука
67. Филип Петровски - воздржан
68. Азис Положани - не е тука
69. Стојан Попов - за
70. Љубомир Поповски - за
71. Никола Поповски- за
72. Илија Прангоски - за
73. Исмет Рамадани - не е тука
74. Љупче Ристески - за
75. Ненад Ристовски - за
76. Нано Ружин - за
77. Илјаз Сабриу - не е тука
78. Аце Сајкоски - воздржан
79. Аслан Селмани - не е тука
80. Борче Сибиновски - не е тука
81. Вангел Симев - не е тука
82. Ристо Спанаков - не е тука
83. Крале Спанчевски - воздржан
84. Ѓорѓи Спасов - за
85. Милан Ставрев - не е тука
86. Наќе Стојановски - за
87. Томислав Стојановски - против
88. Воислав Стојаноски - за
89. Благој Стојковски - не е тука
90. Златко Стојменов - за
91. Владо Сугаревски - за
92. Оломан Сулејмани - не е тука
93. Ризван Сулејмани - не е тука
94. Мухамед Таири - не е тука
95. Александар Талевски - не е тука
96. Мевљан Тахири - не е тука
97. Митко Тилевски - за
98. Ѓорѓи Тодоров - за
99. Ристо Тодоров - за
100. Павле Тодоровски - не е тука
101. Панде Томов - воздржан
102. Коце Трајаноски - воздржан
103. Горанчо Трајков - за
104. Танас Трајковски - за
105. Александар Трпевски - воздржан
106. Борислав Трповски - не е тука
107. Слободан Ќосев - воздржан
108. Илија Филиповски - не е тука
109. Александар Флоровски - воздржан
110. Илјаз Халими - против
111. Благој Ханџиски - не е тука
112. Сејфедин Харуни - за
113. Кастриот Хаџиреџа - не е тука
114. Бранко Црвенковски - не е тука
115. Миланчо Черкезов - за
116. Ванчо Чифлиганец - за
117. Арбен Џафери - не е тука
118. Хисни Шаќири - не е тука
119. Шахиќ Алија - не е тука
120. Радмила Шеќеринска – не е тука

(Господинот Фатмир Етеми влезе после гласањето)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Етеми, за што сте?

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

"За".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 62 пратеници,

32 пратеници гласале за, 15 пратеници гласале против и 15 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека Предлогот на г-динот Наќе Стојановски не е усвоен.

Дали има уште некој предлог во врска со дневниот ред.

Нема.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласаа вкупно 86 пратеници.

64 пратеници гласаа за, 18 пратеници беа воздржани и 4 пратеници гласаа против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Како што се договоривме на шеесет и шестата седница, на секоја седница на Собранието , по утврдувањето на дневниот ред ќе се поставуваат пратенички прашања во траење од 60 минути и тоа пратениците од опозицијата ќе поставуваат прашања во траење од 45 минути, а 15 минути ќе поставуваат прашања од мнозинството во Собранието.

Со седницата ќе продолжиме утре во 11,00 часот, бидејќи сега овде немаме министри.

Утре во 11,00 часот ќе продолжиме прво со пратенички прашања, а после тоа ќе минеме на дневниот ред.

(Седницата прекина со работа во 16,20 часот)